Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 10 и член 197 став (3) и (4) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ .96/19, 236/22), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на ден 26 јуни 2023 година донесе

# П Р А В И Л А

# ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА ПРИЧИНЕТА НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ И ПОТРОШУВАЧИТЕ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со Правилата за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија се уредуваат начинот, условите и постапката за определување на надоместок на штета што им е причинета на производителите и потрошувачите приклучени на електропреносниот и електродистрибутивниот систем, од страна на операторот на соодветниот систем (во понатамошниот текст: Правила).

(2) Операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем (во понатамошниот текст: оператор) на производителот и на потрошувачот на електрична енергија приклучени на соодветниот систем, му ја надоместуваат штетата настаната поради намалена испорака како намален квалитет на испорачаната електрична енергија утврден во мрежните правила или прекин во испораката на електрична енергија настанати по вина на операторот под услови и на начин утврдени во овие Правила.

(3) Производителите и потрошувачите ја пријавуваат штетата поради намалената испорака или прекин на електрична енергија кај операторот по осознавањетодека претрпеле штета настаната поради намалена испорака или прекин во испораката на електрична енергија и доставуваат барање за надомест на штета (во понатамошниот текст: Барање).

(4) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика) ја следи примената на овие Правила.

## II. НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ПРИЧИНЕТА НА ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

### Член 2

Производителот на електрична енергија кој смета дека му е причинета штета поради намалена испорака или прекин во испораката на електрична енергија, произведена во неговата електроцентрала, во електропреносниот или електродистрибутивниот систем (во натамошниот текст: производител) предизвикани од операторот, може да достави до операторот барање за надомест на штета.

Член 3

(1) Барањето од член 2 од овие Правила, ги содржи следните податоци:

1) назив на производителот,

2) назив, вид, локација и инсталирана моќност на електроцентралата,

3) број и датум на издавање на лиценцата за вршење на енергетската дејност,

4) податоци за лицето овластено за застапување на производителот,

5) напонско ниво на приклучокот и локација на приклучното место,

6) општи податоци за пресметковното мерно место,

7) податоци и времетраење за прекинот или податоци за намалената испорака, и

8) опис и процена за претрпената штета и начинот на кој е направена процената.

(2) Производителот во барањето може да наведе и други податоци и да приложи докази за коишто смета дека се од значење во постапката за одлучување по барањето.

(3) Барањето се смета за уредно поднесено ако истото е поднесено:

1) во архивата на операторот, или

2) по препорачана или курирска пошта со јасна идентификација на денот на приемот на барањето, или

3) во електронска форма на адресата за електронска пошта наменета исклучиво за прием на барања за надомест на штета, определена од страна на операторот и објавена на неговата веб страница.

(4) Барањето од производителот се поднесува во рок од 60 дена од денот за којшто производителот тврди дека настанала штетата.

Член 4

(1) Ако барањето е поднесено по истекот на рокот од член 3 став (4) од овие Правила, операторот го известува барателот за истото.

(2) Ако операторот утврди дека барањето е нецелосно и/или неуредно, во рок од седум дена од приемот на барањето го известува Барателот за неуредноста на барањето и му определува дополнителен рок од 15 дена за негово доуредување.

(3) Ако Барателот не го доуреди барањето во дополнителниот рок, операторот го известува Барателот за истото во рок од седум дена по истекот на рокот за доуредување на барањето.

(4) Барателот, во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето од став (1) и став (3) од овој член, може да поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови.

Член 5

(1) Операторот во рок од 15 дена од денот на приемот на уредното барање од член 3 од овие Правила изготвува:

1) Известување за усвојување на барањето, со кое го определува износот на надоместокот на штета и начинот на којшто е извршена пресметката за определување на износот на надоместокот, или

2) Известување за одбивање на барањето како неосновано, во кое ги образложува причините за одбивањето.

(2) Известувањето од став (1) од овој член операторот го доставува до производителот во рок од три работни дена од денот на неговото изготвување.

(3) Во случај на намалена испорака или прекин во испораката на електрична енергија операторот во пресметката од став (1) точка 1 од овој член, ја користи методологијата од член 8 став (2) од овие Правила.

(4) Заедно со известувањето од став (1) точка 1) од овој член, операторот доставува и спогодба за исплата на надоместокот.

(5) Ако производителот се согласи со износот на надоместокот определен во известувањето од став (1) точка 1) од овој член, најдоцна во рок од пет работни дена писмено го известува за тоа операторот, а операторот наредниот работен ден по приемот на известувањето го повикува да ја склучат спогодбата за исплата на надоместокот.

(6) Ако производителот не се согласи со износот од став (1) точка 1), или со известувањето од став (1) точка 2) од овој член, во рок од петнаесет работни дена од приемот на известувањето има право да поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови.

Член 6

(1) Операторот го одбива барањето ако утврдил постоење на некоја од следниве причини за настанување на намалена испорака или прекин во испораката:

1) виша сила;

2) оштетувања што не биле предизвикани, ниту можеле да бидат спречени од страна на операторот, предизвикани од дејствија на трети лица, или хаварии во постројки сопственост на трети лица;

3) причини во електропреносниот систем ако барањето на производителот приклучен на електродистрибутивниот систем е доставено до операторот на електродистрибутивниот систем;

4) испад кај производителот на електрична енергија;

5) испад во друга мрежа што повратно влијае врз дистрибутивната мрежа;

6) испад во друга преносна мрежа поврзана со електропреносниот систем на Република Северна Македонија или

7) испад во електропреносната мрежа во Република Северна Македонија која директно е поврзана со делот од електродистрибутивната мрежа, при што напојните трансформаторски станици од електродистрибутивната мрежа ТС 110/хх kV/kV на кои се приклучени производителите останале без напојување

(2) Операторот исто така го одбива барањето ако:

1) максималниот број на прекини во текот на еден ден (24 часа) е помал или еднаков на три прекини;

2) вкупниот број на прекини во текот на еден месец е помал или еднаков на 10 прекини;

3) времетраењето на намалената испорака или прекин во испораката е пократко од седум часа во континуитет или

4) вкупното времетраење на намалената испорака или прекин во текот на еден календарски месец не надминува 9 часа.

Член 7

(1) Ако поинаку не е уредено во договорот, односно условите за приклучување и користење на мрежата, виша сила во смисла на член 6 став (1) точка 1) алинеја 1

од овие Правила е настан или состојба коишто во моментот на настанувањето биле надвор од контролата на операторот, не можеле да бидат предвидени од операторот, а последиците од таквите настани или состојби операторот не можел да ги спречи, избегне или отстрани ниту со примена на разумно прифатлив напор, а особено:

1) природни непогоди од поголем обем и интензитет, како што се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, суши, вулкански ерупции, оркански ветришта, снежни наноси, поројни дождови, удар на гром, пожари, епидемии и слични природни настани, при што влијанието на природните непогоди врз предизвикувањето на настанот на виша сила се оценува во согласност со техничките спецификации на опремата, постројките, уредите и инсталациите кои што ги користи операторот, како и стандардите за проектирање и изведување на објектите на операторот

2) оштетувања, разурнувања или блокирање на друга енергетска, телекомуникациска или сообраќајна инфраструктура кои не се во сопственост на операторот,

3) војна или воена состојба, вонредна состојба прогласена во согласност со закон, сеопфатна воена мобилизација, инвазија, вооружен судир, блокада или сериозна закана од ваквите состојби,

4) граѓанска војна, бунт, востание, револуција, воен или државен удар, терористички дејствија, саботажи, граѓански немири, масовни насилства,

5) дејствија на државни органи преземени во согласност со закон или дејствија преземени поради крајна нужда, а коишто не се предизвикани од дејствија коишто ги презел или не ги презел операторот,

6) прекини на работа, штрајкови, бојкот или окупација на постројките од страна на вработените, и

7) прогласување на енергетска кризна состојба поради испад на интерконективен преносен капацитет, распад на електроенергетскиот систем на соседните држави, траен испад на поголеми производствени капацитети поради хаварија или недостиг на енергенси за производство на електрична енергија и/или неможност испадот да се покрие со расположливата резерва во производство на електрична енергија, во согласност со Законот за енергетика, при што мора да постои јасна техничка поврзаност помеѓу испадот на мрежа и производствената единица.

(2) Операторот нема да биде одговорен за намалена испорака или прекин ако за времетраењето на настаните и состојбите коишто согласно став (1) од овој член се сметаат како виша сила ги презел сите разумни мерки за да ги ограничи или намали последиците од таквите настани или состојби и ако за нивното настанување и престанување веднаш го известил производителот.

Член 8

(1) Ако операторот утврди дека постои штета, го известува барателот за истото, при што го определува износот на надоместокот на штета и начинот на којшто е извршена пресметката за определување на износот на надоместокот и ги наведува причините за настанувањето и времетраењето на намалената испорака односно прекинот на испорака на електрична енергија, како и другата штета што ја претрпел производителот.

(2) При утврдување на надоместокот за штетата од став (1) на овој член Операторот ја користи следната методологија:

1) количината на електрична енергија која не е испорачана во електропреносниот односно електродистрибутивниот систем од страна на производителот како последица на намалена испорака или прекин во испораката на електрична енергија се утврдува врз основа на просекот од:

- петдневно просечно производство на електрична енергија на производителот во деновите непосредно пред настанување на прекинот или намалената испорака, и

- петдневно просечно производство на електрична енергија на производителот во деновите по престанување на прекинот или намалената испорака, во период од денот идентичен со периодот на прекин или намалена испорака;

2) во случај на намалена испорака на електрична енергија, вкупната количина на неиспорачана електрична енергија за која треба да биде исплатен надоместок на штета се утврдува како разлика на вкупната количина на електрична енергија која требало да биде испорачана во согласност со точка 1) од овој став и измерената количина на испорачаната електрична енергија од страна на производителот во периодот на намалена испорака;

3) во случај на целосен прекин на испорака на електрична енергија, вкупната количина на неиспорачана електрична енергија е еднаква на вкупната количина на електрична енергија која требало да биде испорачана, утврдена во согласност со точка 1) од овој став;

4) цената на електричната енергија е еднаква на:

- повластената тарифа согласно одлуката за користење на повластена тарифа донесена од Регулаторната комисија за енергетика, ако производителот е повластен производител којшто користи повластена тарифа,

- цената на електричната енергија на организираниот пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија во сегментот ден однапред во моментот на прекин или согласно последниот договор за продажба на билатерален пазар, вклучувајќи ја и премијата, ако производителот е повластен производител којшто користи премија, или

- цената на електричната енергија на организираниот пазар на електрична енергија на Република Северна Македонија во сегментот ден однапред во моментот на прекин или согласно важечкиот договор за продажба на билатерален пазар во моментот на прекинот.

5) износот на надоместокот на штета настаната како последица на прекин, односно намалена испорака се утврдува како производ на вкупната количина на електрична енергија пресметана во согласност со точка 2), односно точка 3) од овој став и цената на електрична енергија утврдена во согласност со точка 4) од овој став.

III. НАДОМЕСТ НА ШТЕТА НА ПОТРОШУВАЧ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 9

(1) Потрошувачот на електрична енергија кој смета дека му е причинета штета поради намалена испорака или прекин во испораката на електрична енергија во електропреносниот или електродистрибутивниот систем (во натамошниот текст: потрошувач) може да достави до операторот барање за надомест на штета.

(2) Потрошувачот може да го овласти својот снабдувач да го застапува во постапката за обесштетување пред соодветниот оператор.

(3) Потрошувачот од категоријата домаќинство или мал потрошувач којшто е снабдуван од универзалниот снабдувач, во постапката пред операторот на електродистрибутивниот систем може да биде застапуван од универзалниот снабдувач.

Член 10

(1) Потрошувачот го доставува барањето за надомест на штета операторот во согласност со овие Правила.

(2) Барањето за надомест на штета од став (1) на овој член особено содржи:

1) податоци за потрошувачот,

2) број на корисник,

3) податоци за лицето овластено за застапување на потрошувачот правно лице,

4) напонско ниво, категорија на приклучок, одобрена едновремена моќност и локација на приклучок,

5) општи податоци за пресметковното мерно место,

6) податоци и времетраење на намалената испорака или прекинот во испораката, и

7) процена за претрпената штета и начин на кој е извршена процената.

(3) Во барањето за штета потрошувачот може да наведе и други податоци за коишто смета дека се од значење во постапката за одлучување по барањето.

(4) Кон барањето за надомест на штета потрошувачот може да приложи и резултати од мерењата извршени согласно Правилникот за контрола на квалитетот на електричната енергија од кои се утврдува дека квалитетот на испорачаната електрична енергија не е во согласност со параметрите за квалитет утврдени во соодветните мрежни правила и важечките стандарди во Република Македонија.

(5) Барањето за надомест на штета се смета за уредно ако е поднесено:

1) во архивата на операторот, или 2) по препорачана или курирска пошта со јасна идентификација на денот на кој потрошувачот го испратил, а операторот го примил на барањето, или 3) во електронска форма на адресата за електронска пошта наменета исклучиво за прием на барања за надомест на штета, определена од страна на операторот и објавена на неговата веб страница.

(6) Барањето од потрошувачот се поднесува во рок од 60 дена од денот за којшто потрошувачот тврди дека настанала штетата.

Член 11

(1) Ако барањето е поднесено по истекот на рокот од член 10 став (6) од овие Правила, операторот го известува барателот за истото.

(2) Ако операторот утврди дека барањето е нецелосно и/или неуредно, во рок од седум дена од приемот на барањето го известува барателот за неуредноста на барањето и му определува дополнителен рок од 15 дена за негово доуредување.

(3) Ако барателот не го доуреди барањето во дополнителниот рок, операторот го известува барателот за истото во рок од седум дена по истекот на рокот за доуредување на барањето.

(4) Барателот, во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето од став (1) и став (3) од овој член, може да поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови.

Член 12

Барањето за надомест на штета од член 9 од овие Правила се поднесува како: 1) Барање за исплата на стандарден надоместок на штета, определен во согласност со овие Правила, или 2) Барање за надоместок на штета настаната врз имотот на потрошувачот поради намалена испорака или прекин на испорака на електрична енергија. (2) Кон барањето од став (1) точка 2) потрошувачот поднесува докази за претрпената штета, како и процена на штетата. (3) Во рок од 15 дена од денот на приемот на целосното барање од став (1) точки 1) и 2) од овој член, операторот изготвува: 1) Известување за усвојување на барањето, со кое го определува износот на надоместокот, или 2) Известување за одбивање на барањето како неосновано во кое ги образложува причините за одбивањето. (4) Известувањето од став (3) точка 1) од овој член, заедно со спогодба за исплата на надоместокот, операторот ги доставува до потрошувачот, односно неговиот овластен застапник во рок од три работни дена. (5) Ако потрошувачот се согласи со износот на надоместокот определен согласно став (3) точка 1) од овој член, најдоцна во рок од три работни дена писмено го известува за тоа

операторот, а операторот наредниот ден од приемот на известувањето го повикува да склучат спогодба за исплата на надоместокот. (6) Ако потрошувачот не се согласи со износот од став (3) точка 1), или со известувањето од став (3) точка 2) од овој член, во рок од 15 дена од приемот на известувањето има право да поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови.

Член 13

Операторот нема обврска за плаќање на надоместокот за штета ако се утврди дека постојат основи за ослободување на операторот од одговорност за штета, односно ако штетата настанала поради: 1) прекин предизвикан од повратно влијание на уредите на потрошувачот врз соодветниот систем, или 2) дејствија на трети лица кои не се ангажирани од операторот, или 3) виша сила, односно настани и состојби утврдени во членот 7 став (1) од овие Правила, или настани и состојби утврдени во договорот за приклучување и користење на мрежата, односно општите правила за користење на мрежата уредени во соодветните мрежни правила, а кои преставуваат основа за ослободување на операторот од одговорноста за штета, или 4) планиран прекин, а за тоа снабдувачот, односно потрошувачот: - биле известени од страна на операторот на соодветниот систем на начин утврден со соодветните мрежни правила биле известени за промената на терминот во кој ќе има прекин на начин утврден со соодветните мрежни правила, или

- терминот за планираниот прекин бил претходно усогласен со потрошувачите на кои, согласно правилата за снабдување со електрична енергија и соодветните мрежни правила, не смее да им се прекине електричната енергија, или потрошувачите на кои електричната енергија им е неопходна за непречено одвивање на нивниот производствен процес.

(2) Операторот нема обврска за плаќање на надоместокот за штета ако:

- потрошувачот има повеќе од три неплатени фактури за користење на мрежата на која што е приклучен, освен ако не е вклучен во категоријата на ранливи потрошувачи,

- Регулаторната комисија за енергетика го одобрила приклучувањето иако операторот го одбил, а корисникот дал изјава дека нема да се жали на квалитет на електричната енергија,

или

- Регулаторната комисија за енергетика наложила приклучување на приватни мрежи што не се во сопственост на операторот.

Член 14

(1) Потрошувачот има право да поднесе барање до операторот за исплата на стандарден надоместок на штета во случај на ненајавен прекин во испораката на електрична енергија или во случај кога најавениот прекин ќе трае подолго отколку што е наведено во најавата за прекинот.

(2) По исклучок од став (1) од овој член, потрошувачот има право на стандарден надоместок за штета кога прекинот е најавен, а неговото времетраење во континуитет е: 1) за најмалку 12 часа подолго од времето предвидено за отстранување на причината за прекинот, утврдено во согласност со листата од став (4) од овој член, или 2) за најмалку 12 часа подолго од времето на планираниот прекин за кој потрошувачите се уредно известени според условите наведени во членот 13 став (1)

точка 4) од овие Правила, или 3) подолго од 5 часа во случаите на планирани прекини за кои потрошувачите не биле уредно известени според условите наведени во членот 13 став (1) точка 4) од овие Правила.

(3) Потрошувачот нема право на стандарден надоместок за штета во случаите наведени во членот 13 од овие Правила.

(4) Најдоцна до 31 јануари во секоја календарска година операторот, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, на својата веб страница објавува листа на временски интервали потребни за отстранување на прекините во зависност од времетраењето и причините за нивното настанување.

Член 15

(1) Стандардниот надоместокот на штета се определува како процент од вкупниот надоместок за користење на соодветниот систем што го платил потрошувачот во претходните 12 месеци на следниот начин: 1) 10% за првите 6 часа по истекот на времето утврдено во членот 14 став (2), 2) 20% за секои следни започнати 24 часа по првите 6 часа.

(2) Вкупниот стандарден надоместок на штета не може да го надмине износот од 50 % од вкупниот надоместокот за користење на системот што го платил потрошувачот во последните 12 месеци пред моментот на настанување на штетата.

(3) Вкупниот стандарден надоместок на штета се намалува за 50% ако потрошувачот има три неплатени доспеани фактури за користење на соодветниот систем.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Барањето за надоместок на штета од членот 2 и членот 9 став (1) од овие правила, операторот го објавува на својата веб страница во рок од 8 дена од денот на влегувањето во сила на овие Правила.

Член 17

(1) Постапките за надоместок на штета кои се започнати пред влегувањето во сила на овие Правила, а се водат од страна на службата за обештетување на операторот, односно лицето назначено за постапување по барањето на производителите и потрошувачите од операторот, ќе продолжат во согласност со одредбите на овие Правила пред операторот.

(2) Во рок од 8 дена од денот на влегувањето во сила на овие Правила, операторот, во име на Комисијата за утврдување на штети и определување на износот на надоместокот за штети формирана од страна на операторот (понатаму: Комисија), без оглед дали таква е формирана до денот на влегувањето во сила на овие Правила или не, ги доставува сите барања за надоместок на штета поднесени од производители и/или потрошувачи адресирани до Комисијата, заедно со целокупната документација, до Регулаторната комисија за енергетика за нејзино понатамошно постапување како по приговор во согласност со Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови.

Член 18

(1) Со денот на влегување во сила на овие Правила престануваат да важат Правилата за определување на надоместок на штета причинета на производителите и потрошувачите на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.231/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.39/21).

(2) Овие Правила влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.01-1422/1 — Регулаторна комисија за енергетика и водни

26 јуни 2023 година — услуги на Република Северна Македонија

Скопје — Претседател,

Марко Бислимоски, с.р.